А Н И М А
Центар за личен развој едукација и психотерапија
Наум Наумовски Борче бр. 87/2/6, Скопје
+389 71 87 12 13
anima.centar@gmail.com

# Емпатијата кај учениците во основното образование

## Апстракт

Емпатијата претставува вештина да се спознае како се чувствуваат другите и да се доживее истото, точно доживување на чувствата и потребите на другиот
Емпатијата е способност која може да се учи и развива , но има и генетско потекло. До која мера ќе се развијат овие вродени предиспозиции зависи од искуството и поткрепувањето во социјалната средина.Се развива по пат на активно слушање, препознавање на невербални знации и користење на "јас пораки".

Теориските модели и истражувања на емпатијата воглавно следат две насоки во зависност од тоа дали се истражува когницијата или емоцијата во емпатичкото доживување. Когнитивниот аспект вклучува разбирање, познавање на состојбата на другиот и условите на другиот или свесност што и се случува на другата личност. Афективна емпатија подразбитра одговор со исти или слични чувства во однос на емоциите на другиот..

Eisenberg и Strayer, (1987 стр5) ја дефинираат емпатијата како емоционален одговор кој произлегува од емоционалната состоја и услови на другата личност и кој е конгруентен со емоционалната состојба или ситуација на другите.Scotland и Strayer (1987), сугерираат дека емпатијата е поврзана и со фантазијата затоа што двата процеси вклучуват соживување со ситуацијата или доживувањето на другиот. Афектите и когницијата делуваат во интеракција во процесот на емпатија. Засега е прифатена пошироката дефиниција на емпатијата која ги вклучува двата аспекти, при што поголем акцент се става на афективната емпатија.

Од друга страна училишната пракса покажува се поприсутно насилно однесување, недоразбирања, конфликтни ситуации и со право се запрашуваме каде е емпатијата? Што се случува со нашите деца? Со чувствителноста на еден кон друг..

Д-р Ранко Рајовиќ ќе забележи "Емпатијата исчезна", а д-р Љупчо Кевересκи "Емпатијата е во криза, криза во емпатијата".
Тргнувајќи од овие сознанија сакаме да провериме: Колку се емпатични учениците во основното образование?
За истражување ќе се користи Е прашалник: Скала на емоционална емпатија и скала на фантазија, автор Зора Работек-Шариќ, а ќе бидат опфатени учениците од VI до IX одделение. (од 11 до 14 години).

Клучни зборови: емпатија, истражување, ученици

Анима Центар

Вера Димовска, училишен психолог и гешталт терапевт
Марија Трајковски, училишен психолог и гешталт советник
Маја Димоска Јандреска, училишен психолог и гешталт советник